**20241682949**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија, Собранието на Република Северна Македонија на седницата одржана на 13 август 2024 година, даде

## АВТЕНТИЧНО ТОЛКУВАЊЕ НА ЧЛЕНОТ 7 СТАВОВИ (2), (3) И (4) ОД ЗАКОНОТ ЗА ИГРИТЕ НА СРЕЌА И ЗА ЗАБАВНИТЕ ИГРИ („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ БРОЈ 24/11, 51/11, 132/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 156/14, 61/15, 154/15, 23/16, 178/16 И 90/17 И „СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ БРОЈ 251/22)

Членот 7 од Законот за игрите на среќа и забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ број 24/11, 51/11, 132/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 156/14, 61/15, 154/15, 23/16, 178/16 и 90/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 251/22), гласи:

(1) Приредувањето на игрите на среќа и забавните игри утврдени со овој закон е право на Република Северна Македонија, ако со овој закон поинаку не е уредено.

(2) Лотариските игри на среќа, освен томболата од затворен тип, Република Северна Македонија самостојно ги приредува со основање на трговско друштво за приредување на игрите на среќа во кое Република Северна Македонија е содружник или акционер со најмалку 51% од основната главнина.

(3) Електронските и интернет игрите на среќа се приредуваат од страна на трговското друштво од ставот (2) на овој член, само или заедно со други приредувачи, при што без оглед на формата на здружување ова трговско друштво треба да има најмалку 51% учество во капиталот и во правото на одлучување во здружувањето.

(4) Правото на приредување на останатите игри на среќа и забавните игри утврдени со овој закон, вклучувајќи ја и томболата од затворен тип, Република Северна Македонија го пренесува со издавање на лиценца, односно дозвола на трговски друштва, односно трговец-поединец, кои ги исполнуваат условите утврдени со овој закон.

(5) Лиценцата, односно дозволата од ставот (3) на овој член не смее да се пренесе на друго трговско друштво, односно трговец-поединец.

Одредбата од ставот (2) на членот 7 од законот, треба да се толкува така што приредувањето на лотариските игри на среќа може да се врши само од државата, односно од Државната лотарија на Република Северна Македонија.

Одредбата од ставот (3) на членот 7 од законот треба да се толкува така што приредувањето на електронските и интернет игри на среќа може да се врши само од едно трговско друштво предвидено во ставот (2) на овој член. Трговското друштво од ставот (2) на овој член, приредувањето на електронските и интернет игри на среќа може да го врши само или заедно со други приредувачи кои не можат да имаат повеќе од 49% учество во основната главнина во тоа друштво. Интернет игрите на среќа се приредуваат врз основа на лиценца за приредување на интернет игри на среќа согласно со овој закон.

Одредбата на ставот (4) од членот 7 од законот треба да се толкува така што за приредувањето за останатите игри на среќа (интернет игри на среќа, наградни игри, интерактивни игри на среќа, казино, обложувалница, автомат клуб) и забавни игри е потребна лиценца, односно дозвола на трговски друштва, односно трговец-поединец кои ги исполнуваат условите утврдени во законот.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-4045/1
13 август 2024 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.